УДК 93/99 ISSN 0583-4961

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

# ГЛАСНИК

ГЛАСНИК год. 61 бр. 1 стр. 1–296 Скопје 2017

ГЛАСНИК год. 61 бр. 1 стр. 1–296 Скопје 2017
ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Драги Ѓоргиев, директор на ИНИ
Главен редактор на изданието: проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска
Редакција: проф. д-р Катерина Мирчевска, проф. д-р Владимир Јанев, проф. д-р Драган Зајковски, проф. д-р Ленина Жила, проф. д-р Лариса Вакнина (Украина), проф. д-р Хуснија Камберовиќ (Босна и Херцеговина), проф. д-р Марија Проскурнина (Русија), проф. д-р Ирена Ставови-Кафка (Полска), проф. д-р Филип Шашко (САД)
Секретар: проф. д-р Лидија Ѓурковска
Лектор: Лилјана Гушевска

Ракописите се примаат во печатена и во електронска форма на адреса:
Институт за национална историја (За редакцијата на „Гласник")
ул. Григор Прличев бр. 3, п.ф. 591, 1000 Скопје, Република Македонија;
contact@ini.ukim.mk
Излегува двапати годишно
Компјутерска подготовка: Авант прес, Скопје
Печат: Авант прес, Скопје
Тираж: 250 примероци

---

BULLETIN 61-th year No. 1 pp. 1–296 Skopje 2017
INSTITUTE OF NATIONAL HISTORY – SKOPJE

Editor in chief: Prof. Dragi Georgiev Ph.D., Director of the INH
Editor in chief for this edition: Prof. Silvana Sidorovska-Cupovska Ph.D.
Editorial Board: Prof. Katerina Mirchevska Ph.D., Prof. Vladimir Janev Ph.D., Prof. Dragan Zajkovski Ph.D., Prof. Lenina Zila Ph.D., Prof. Larisa Vaknina Ph.D. (Ukraine), Prof. Husnija Kamberović Ph.D. (Bosnia and Herzegovina), Prof. Marija Proskurnina Ph.D. (Russia), Prof. Irena Stawowy-Kawka Ph.D. (Poland), prof. Filip Šaško Ph.D. (USA)
Secretary: Prof. Lidija Gjurkovska Ph.D.
Proofreading: Liljana Gushevska

Manuscripts in printed and electronic form to be sent to: Insitute of National History (Editorial Board of "Glasnik"), Str. Grigor Prličev 3, P.O. Box 591, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
contact@ini.ukim.mk
Printed twice a year
Typesetting and layout: Avant Pres, Skopje
Printing: Avant Pres, Skopje
Printed copies: 250

УДК 93/

ГЛАСНИ

СОДРЖИНА – TABLE OF CONTENTS

По повод 60 години од првиот број на Гласникот
на Институтот за национална историја........................................................ 9

СТАТИИ – ARTICLES

*Драган Зајковски*, По повод 250 години од укинувањето на Охридската архиепископија (1767 – 2017) и 50 години од прогласувањето на автокефална Македонска православна црква (1967 – 2017)......................11
*Dragan Zajkovski*, Dedicated to the 250th Anniversary of the Abolition of the Archbishopric of Ohrid (1767 – 2017) and 50th Anniversary of the Proclamation of Autocephalous Macedonian Orthodox Church (1967 – 2017) ..................... 11

*Трајче Нацев, Драган Веселинов*: Праисториски и раноантички утврдени места во Брегалничкиот Басен ................................................................... 17
*Trajce Nacev, Dragan Vecelinov*: Prehistoric and Early Antique Locations in the Bregalnica ............................................................................ 17

*Katerina Mladenvska*: The Macedonian King Caranus: among the Myth, History and Tradition........................................................................ 29
*Катерина Младеновска*: Македонскиот крал Каран: помеѓу митот, историјата и традиција ........................................................................ 29

*Милан Бошкоски*: Монархија или тетрархија................................................ 41
*Milan Boskovski*: Monarchy or Tetrarchy ....................................................... 41

*Dragan Gjalevski*: Byzantine Diplomacy and Samuel's State ............................. 59
*Драган Ѓалевски*: Византиската дипломатија и Самоиловата држава ............. 59

*Зеќир Рамчиловиќ*: Македонија во делата на арапските и на персиските географи од средновековниот период ................................................ 73
*Zekir Ramcilovic*: Macedonia in the Works of Arabic and Persian Geographers from the Medieval Period......................................................... 73

*Ејуп Кул*: Дервенџии, ќупруџии и оризари во провинцијата Румелија (во почетокот на XVIII век) ....................................................................... 91
*Eyüp Kul*: The Derbendcis, The Köprücüs and the Çeltikcis in the Province of Rumeli (in the Beginning of the 18th Century) ......................................... 91

*Александар Саздовски*: Македонските културни дејци: протонационални појави во XIX век ..... 107
*Aleksandar Sazdovski*: Macedonian Cultural Activists: Proto-national Manifestations in the XIX Century ..... 107

*Македонка Митрова*: Градот Скопје и османлиска Македонија низ две парадигми на еден автор ..... 123
*Makedonka Mitrova*: City of Skopje and Ottoman Macedonia: Two Paradigms of a Single Author ..... 123

*Силвана Сидоровска-Чуповска*: Интернатите во Македонија и здравствената политика на пропагандите од крајот на XIX век ..... 141
*Silvana Sidorovska-Cupovska*: Boarding Schools in Macedonia and Health Policy Propagandas of the end of XIX Century ..... 141

*Владо Поповски*: Деноминацијата на Македонија и на Македонците во 1903 година – причини и последици ..... 149
*Vlado Popovski*: Denomination of Macedonia and Macedonians in 1903 – Causes and Conseqences ..... 149

*Верица Јосимовска*: Социјално-здравствената заштита на децата во вардарскиот дел на Македонија во периодот меѓу двете светски војни. 159
*Verica Josimovska*: Social and Health Protection of Children in Vardar Macedonia in the Period between the Two World Wars ..... 159

*Александар Манојловски*: Правила на Скопската црковна училишна еврејска општина од 1920 година ..... 169
*Aleksandar Manojlovski*: Rules of Skopje's Church School Jewish Municipality from 1920 ..... 169

*Исамедин Азизи*: Демографските промени кај Албанците во Скопје и во Скопско 1921 – 1953 ..... 187
*Isamedin Azizi*: Demographic Changes among Albanians in Skopje and Skopje Region 1921 – 1953 ..... 187

*Надежда Цветковска, Лидија Ѓурковска*: Горнодебарската Околија меѓу двете светски војни (1918 – 1941), (прв дел) ..... 197
*Nadezda Cvetkovska, Lidija Gjurkovska*: The Upper Deber Region Between the Two World Wars (1918 – 1941), (Part 1) ..... 197

*Габриела Топузовска*: Миграција на здравствениот кадар од Република Македонија ..... 219
*Gabriela Topuzovska*: Migration of Healthcare Staff from the Republic of Macedonia ..... 219

ејци:
... 107
s: Proto-national
... 107
а Македонија
... 123
acedonia:
... 123
акедонија и
крајот на XIX век ... 141
Macedonia and
Century ... 141
на Македонците
... 149
acedonians
... 149
на децата во
меѓу двете светски војни. 159
Children in
World Wars ... 159
училишна
... 169
School Jewish
... 169
во Скопје
... 187
in Skopje
... 187
Околија
... 197
Region
... 197
... 219
... 219

*Јован Јоновски*: Традиционалните евангелско-протестански цркви во Македонија по Втората светска војна (1947 – 1987) ... 229
*Jovan Jonovski*: Traditional Evangelical-Protestant Churches in Macedonia after the WWII (1947 – 1987) ... 229

*В. И. Косик*: Память и памятники в процессе «печатания» новой культуры национализма (В двух частях) Часть первая ... 241
*V. I. Kosik*: Memory and monuments in the process of "creating" the new culture of nationalism (in two parts) Part One ... 241


МАТЕРИЈАЛИ – PAPERS

*Катерина Мирчевска, Љубица Јанчева*: Скопје – „Град на солидарноста": Еден документ за помошта донирана по земјотресот од 1963 година ... 263
*Katerina Mirchevska, Ljubica Jancheva*: Skopje – City of Solidarity: a document for Aid donated after the 1963 Earthquake ... 263


СООПШТЕНИЈА – РЕЦЕНЗИИ – ПРИКАЗИ –
REVIEWS – SURVEYS – ANNOUNCEMENTS

*Дарко Стојанов*: Меѓународна научна конференеција „Language Multiplicity in Late Antiquity and Byzantium: Words-Texts-Contexts" (Виена, 2 – 3.12.2016) ... 271
*Darko Stojanov*: International Scientific Conference: "Language Multiplicity in Late Antiquity and Byzantium: Words-Texts-Contexts" (Vienna, December 2 – 3, 2016) ... 271

*Драги Ѓорѓиев*: Дипломатијата и депортацијата на македонските Евреи во 1943/ Diplomacy and deportation of Macedonian Jews in 1943. Зборник на прилози од меѓународната научна конференција „Дипломатијата и депортацијата на македонските Евреи во 1943", одржана во Скопје на 27 јануари 2015 година, Дипломатски клуб – Скопје, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Институт за национална историја, Скопје, 2016 (282) ... 275
*Dragi Gjorgiev*: Diplomacy and Deportation of the Macedonian Jews in 1943. Diplomacy and Deportation of Macedonian Jews in 1943. Collection of Articles from the International Scientific Conference Diplomacy and Deportation of the Macedonian Jews in 1943, held in Skopje on January 27, 2015, Diplomatic Club – Skopje, Memorial Center Of the Holocaust of the Jews of Macedonia, Institute of National History, Skopje, 2016 (282) ... 275

*Катерина Мирчевска*: Дипломатски документи за Граѓанската војна во Грција (1947 – 1949), Кн. 2 (избор, вовед и редакција д-р Новица Велјановски), ДАРМ, Скопје 2016 ....... 279
*Katerina Mirchevska*: Diplomatic Documents on the Civil War in Greece (1947 – 1949), Vol. 2 (introduction and editorial PhD Novica Veljanovski), DARM, Skopje 2016 ....... 279

БИБЛИОГРАФИЈА – BIBLIOGRAPHY

*Сонја Стрезоска-Велјановска*: Минатото на Македонија низ призмата на странски автори (библиографски податоци објавени во странство во 2012 година) ....... 281
*Sonja Strezoska-Veljanovska*: The Past of Macedonia through the Prism of Foreign Authors (Bibliographic Data Published Abroad in 2012) ....... 281

IN MEMORIAM

*Катерина Тодороска*: Сеќавање на Димитар Димулков ....... 295
*Katerina Todoroska*: Remembrance of Dimitar Dimulkov ....... 295

ГЛАСНИК 61 1 2017 ISSN 0583-4961

СТАТИИ

УДК 904(497.73)"639/652"
904:711.4(497.73)"639/652"

# ПРАИСТОРИСКИ И РАНОАНТИЧКИ УТВРДЕНИ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ БАСЕН

*Трајче Нацев*
вонреден професор на Факултетот за образовни науки
при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

*Драган Веселинов*
научен соработник на Универзитетот „Евро Балкан“ – Скопје

Abstract

Settlements in Bregalnica region renaissance in the part of their fortifications experienced in the Late Antique period. But the presence of fortified places in this territory has ever since the previous periods. So in Bregalnica region observed fortified settlements from prehistory and early antiquity. Certainly their main purpose, which was unique to all settlements irrespective of time chronological framework is to provide a defense and protection against external enemies. But despite this they differed on the method of construction, quality and location i.e. all these parameters have their own special characteristics depending on the time period that existed.

*Keywords*: Fortifications, Settlements, Bregalnica region, Prehistory, early Antiquity.

Човекот уште од почетокот на своето постоење природно има развиено инстинкт за одбрана и заштита од разни видови загрозувања и опасности. Но со текот на развојот, појавата на групното живеење, кое се манифестира преку создавање населени места, подразбира колективна одбрана и заштита. Основа за сето ова претставува утврдувањето на населените места. Така, уште од времето на праисторијата се забележани првите утврдени населени места, односно има појавата на бедеми, бирање стратешки локации со природна одбрана од повеќе страни на населеното место и слично.[1] Ваквиот начин на одбрана и заштита продолжува во античкиот и во средновековниот период. Секако дека, пред сè, за

[1] Milutin Garašanin, „O utvrđenjima i odbranbenim sistemima u jugoslovenskom delu centralno balkanske regije“, *Odbranbeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije,* Savez arheoloških društava Jugoslavije, Arheološko društvo Vojvodine, Materijali XXII, Novi Sad, 1984, 11–18; Alojz Benac, Utvrđena praistorisjka naselja u zapadnom dijelu Jugoslavije, *Odbranbeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije*, Savez arheoloških društava Jugoslavije, Arheološko drustvo Vojvodine, Materijali XXII, Novi Sad, 1984, 22–31; Borivoj Čović, „Neki primjeri razvoja fortifikacija na praistoriskim gradinama Bosne i Hercegovine“,

начинот и видот на утврдените населени места основно влијание имале загрозувањата и опасностите кои биле карактеристични во споменатите временските периоди. Имало и дел од овие периоди кои биле релативно мирни (1 – 3 век), со мали исклучоци во однос на нападите на Готите, што придонесувало да се градат послаби утврдувања.

Посебно интересна е доцната антика, во која населените места имале позајакнати утврдувања како резултат на сè почестите напади во 5, 6 и во првата половина од 7 век, на освојувањата и опсадите од страна на Аварите и на Словените, но и на сè поголемите материјални и духовни вредности кои ги развивале. Ова придонело за посериозен пристап кон утврдувањето, со што преку примена на соодветни градежни техники и поквалитетни материјали, се создавале јаки одбранбени системи на населените места. Поради добрата ефикасност, некои од овие утврдувања продолжиле да се користат и во средниот век. Но предмет на интерес во овој труд се праисториските и раноантичките утврдувања, од кои, всушност, започнува и понатаму продолжува генезата на утврдените места и за кои, секако, врз основа на повеќе спроведени истражувања, е докажано дека се присутни и на територијата на Брегалничкиот Басен.

Воопшто, најчеста појава на праисториски утврдени населени места започнува во периодот на дезинтеграција на неолитскиот свет и во почетокот на енеолитот.[2] Во Брегалничкиот Басен првите вакви места се забележуваат во енеолитскиот период, со што започнува и примената на одбранбената архитектура во оваа област, која се изразува преку изградбата на одбранбени ѕидови.[3] Ова е резултат на разните немири кои го зафатиле Балканскиот Полуостров во преодниот период на енеолитот. Досега на територијата на овој басен нема откриено поголем број утврдени енеолитски населени места, поради што не може да се дојде до поконкретни сознанија за нивниот начин на функционирање, градење и сл. Единственото утврдено населено место од овој период за кое има докази е откриено на локалитетот **Богослов Камен**[4], лоциран на 1 км источно од селото Горни Балван – Штип. Ова утврдување било сместено на плато на рид и имало одбранбен ѕид. Околу населбата, која е сместена на возвишение, се наоѓаат водени текови и други природни препреки, што значело тежок пристап до неа од три страни, а четвртата (западната страна), пак, се поврзувала со благ превој во задницата. Ваквата конфигурација на теренот влијаела и на изградбата на одбранбениот ѕид, односно тој имал различна ширина (сл. 1).[5]

---

*Odbranbeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije*, Savez arheoloških društava Jugoslavije, Arheološko društvo Vojvodine, Materijali XXII, Novi Sad, 1984, 55–62.

2 Milutin Garašanin, „O utvrđenjima i odbranbenim sistemima...“, 11.

3 Трајче Нацев, Драган Веселинов, „Културната историја на Штип во Праисторијата“, *Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ – филологија, култура и образование*, Штип, 2016, 628.

4 Трајче Нацев, *Трите керамички – Резултати од археолошките истражувања – Злетовица 2007 – 2009* (каталог), Штип, 2009; Трајче Нацев, Дарко Стојановски, „Прилог кон проучувањето на неолитската и енеолитската архитектура од средниот тек на река Брегалница“, *Годишен зборник Факултет за образовни науки*, Штип, 2013, 103–12.

5 Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот басен*, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип, Штип, 2013, 240 (понатаму: Трајче Нацев,



Слика 1

Одбранбениот ѕид на утврдување бил граден во техниката opus incertum без нагласени редови, а за сврзување се користела глината.[6] Интересно кај ова утврдување е тоа што ѕидот бил зацврстен на карпа, која, всушност, била дел од оние елементи што овозможувале природна одбрана на населеното место. Постојат и други населби од енеолитско време чија местоположба дава индиции за можно класифицирање како утврдени места. Такви се: **Градиште**, село Град – Делчево, **Пиљаво**, село Бурилчево – Кочани и **Св. Атанасие**, село Спанчево – Кочани. Но кај нив досега не се откриени одбранбени ѕидови, со што останува енигма нивното функционирање како утврдувања.

Од бронзено време, во Брегалничкиот Басен досега има малку откриени утврдени населени места. За нивна одбрана, покрај одбранбените ѕидини, се користеле и доминантните возвишенија во непосредната околина. Така, овие населени места најчесто се подигале на ридови чии страни биле тешко достапни за непријателот. Ваквиот начин на одбрана бил изразен особено во доцната бронза. Утврдени населби во Брегалничкиот Басен познати досега се **Лозен**, село Горни Балван – Штип и **Градиште**, село Град – Делчево.[7]

Лозен се наоѓа на 2 км од селото Горни Балван, односно лево од асфалтниот пат од Горни Балван за Долни Балван. Утврдувањето било сместено на висок рид, кој доминира над околината (сл. 2).

---

*Антиката во Брегалничкиот*…).

[6] Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот*…, 30.

[7] *Истото.*



Слика 2

Градењето на одбранбениот ѕид било во техниката opus incertum. Кршениот камен од кој се градел ѕидот се поврзувал со глина.

Утврдената населба Градо е лоцирана на рид кој високо се издига над североисточниот раб на селото Град. Ваквата поставеност на населбата ѝ овозможувала доминатна положба над околината и соодветна одбрана. Во градењето на нејзините одбранбени ѕидови била применета истата техника како и кај ѕидовите на утврдувањето Лозен.

Брегалничкиот Басен во железнодопскиот период влегува во рамките на територијата на Пајонија. Во овој период имало одредени промени и настани кои се одвивале не само овде туку и на поголеми географски пространства. Сите тие имале влијанија и придонес во одбраната и заштитата што ја применувале луѓето. Во овој период се случиле преселби, уништувања на населени места, односно на цели цивилизации и сл. Но сите тие работи завршуваат кон крајот на 9 или почетокот на 8 век, со што започнува еден период на стабилизација. Така започнува и постепено да се зголемува бројот на населени места. Како резултат на минатите искуства на немири и разурнувања, но и поголема безбедност, во поголемиот дел од населбите населението подига фортификации. Во Брегалничкиот Басен, врз основа на досегашните истражувања, од железно време се откриени повеќе населени места во однос на претходните временски периоди.[8] Но досега за само девет населени места, врз основа на рекогносцирањето, се констатирани остатоци кои наведуваат дека се утврдувања.[9] И во овој временски период, секако, кај најголем дел од нив се забележани слични карактеристики. Тоа се, покрај стандардниот одбранбен ѕид и одбраните доминантни возвишенија, градежните техники и градежниот материјал. Како утврдени населби во

---

[8] Врз основа на податоците добиени од: Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот*...; *Археолошка карта на Р. Македонија*, Т. II, Скопје, 1996 (понатаму: *Археолошка карта на Р. Македонија, Т. II*...).

[9] *Истото.*

Брегалничкиот Басен од железниот период се јавуваат следните: **Ковачилница** – Берово, **Големо Градиште**, село Вирче – Делчево, **Градиште**, село Виничка Кршла – Виница, **Градиште**, село Пантелеј – Кочани, **Градиште** – **Киево**, село Горни Балван – Штип, **Градиште**, село Мечкуевци – Свети Николе, **Градиште**, село Немањици – Свети Николе, **Градиште**, село Орел – Свети Николе и **Градиште**, село Славков Дол – Свети Николе.

На 7 км источно од градот Берово е лоцирано утврдувањето Ковачилница. Сместено е од левата страна на реката Брегалница, на едно возвишение чии страни се стрмни и тешко пристапни (сл. 3).



Слика 3

Утврдената населба Големо Градиште се наоѓа на 4 км од селото Вирче, на левата страна од патот Делчево – Траб진тивиште.[10] Местоположбата на високиот рид на кој било ова утврдување му овозможувало прегледност на целата околина и подобра одбрана од непријателски напади.

Градиште претставува утврдување кое било сместено на висок рид со доминантна местоположба над Драгобрашка Река во близина на селото Виничка Кршла. Сето ова придонесувало за негова подобра одбрана, односно го отежнувало непријателското напредување во случај на опсада.

Железнодопското утврдување Градиште се наоѓа на 4 км западно од селото Пантелеј. Неговата местоположба на чуката на која е лоцирано му овозможувала поголема одбрана и заштита.

Југозападно од селото Горни Балван, поточно на тромеѓето помеѓу селата Горни Балван, Батања и Горно Трогерци е лоцирано утврдувањето Градиште – Киево. Оваа населба била подигната на првата тераса на ридот кој доминира над околината, што му овозможувало поголема одбранбена ефикасност.[11]

[10] *Археолошка карта на Р. Македонија,* Т. II…, 124.

[11] Трајче Нацев, *Трите керамики...*; Трајче Нацев, „Прилог кон проучувањето на Железното време во Брегалничкиот басен", *Годишник на асоцијаця „ОНГЪЛ"*, том 1,

Врз зарамнетото плато на еден голем рид кој се наоѓа на југоисточната страна на селото Мечкуевци се наоѓа Градиште. Ова утврдување е карактеристично по тоа што егзистирало и во раната антика.

Градиштето лоцирано на 2,5 км југоисточно од село Немањици е сместено на едно возвишение над левиот брег на реката Мавровица. На врвот има зарамнето плато, кое зафаќа површина од околу 300 x 150 м.[12]

На околу 500 м северно од селото Орел, на една голема височина на левиот брег од реката Мавровица се наоѓа утврдената населба Градиште. Таа е распослана на зарамнето плато (со димензии 100 x 100 м), кое се наоѓа на самиот врв на височината.

За населеното место Градиште – Славков Дол е интересно тоа што покрај како железнодопско, продолжило да егзистира и како раноантичко утврдување. Тоа се наоѓа на југоисточниот раб од селото Кнежје. Високоиот рид на кој е лоцирана населбата има неколку тераси и е опкружен со стрмни и тешко пристапни страни.[13]

Во раната антика, односно во архајскиот, класичниот и во хеленистичкиот период, Брегалничкиот Басен продолжува да егзистира во рамките на Пајонија сè до 217 година пред н. е., кога започнале да се појавуваат и највисоките цивилизациски дострели кај народите, кои биле изразени преку сè поголемата урбанизација на населените места. Но во овој период, посебно на Балканот, биле присутни чести промени од политички и од воен аспект. Се менувале граници на држави, како и на провинции во склоп на тие држави, имало воени судири и слично. Сето ова на одреден начин имало влијание и врз одбраната и заштитата на населените места. Така, бројот на утврдувања значително почнал да се зголемува во раната антика. Во овој период, покрај оние утврдувања кои функционирале перманетно, имало и такви кои биле повремени или пак израснале во цивилни населби.[14] Ваквите карактеристики кај раноантичките утврдувања биле присутни и во Брегалничкиот Басен. На неговата територија повеќето од овие места покрај што имале одбранбени ѕидини, за заштита секогаш ги граделе на високи, доминантни места со стрмни непристапни страни. Досега во Брегалничкиот Басен се откриени следните раноантички утврдувања: **Попов Рид** – Берово, **Градиште**, село Будинарци – Берово, **Цуцуло**, село Мачево – Берово, **Градиште**, село Манастириште – Пехчево, **Градиште 2 – Присој**, село Драмче – Делчево, **Градиште**, село Дулица – Делчево, **Градиште**, село Тработивиште – Делчево, **Кале**, село Балтец – Виница, **Градиште**, село Виничка Кршла – Виница, **Кале**, село Истибања – Виница, **Дефово Градиште**, село Крушево – Виница, **Градиште**, село Бели – Кочани, **Манастир**, село Соколарци – Кочани, **Градиште**, село Спанчево – Кочани, **Бандера**, село Долни Козјак – Штип, **Цапар**, село Крупиште – Штип, **Кула**, село Судиќ – Штип, **Пилав Тепе**, село Шопур – Штип, **Градиште**, село Дилисинци – Свети Николе, **Градиште**, село Славков Дол – Свети Николе и **Градиште**, село Мечкуевци – Свети Николе.

год. IX, 2014, Самоков, 391–400.

[12] *Археолошка карта на Р. Македонија,* Т. II…, 355.

[13] Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот*…, 316.

[14] Иван Микулчиќ, *Антички градови во Македонија*, кн. 8, Скопје, 1999, 184.

...се наоѓа на југоисточната
...ова утврдување е каракте-
...
...село Немањици е смес-
...Мавровица. На врвот има
...0 х 150 м.[12]
...голема височина на ле-
...населба Градиште. Таа
...0 х 100 м), кое се наоѓа на

...интересно тоа што покрај
...како раноантичко утврду-
...Кнежје. Високиот рид на
...опкружен со стрмни и тешко

...ичниот и во хеленистич-
...егзистира во рамките на
...але да се појавуваат и нај-
...биле изразени преку сè
...во овој период, посебно на
...ички и од воен аспект. Се
...во склоп на тие држави,
...начин имало влијание и
...бројот на утврдувања
... Во овој период, покрај
..., имало и такви кои биле
...[14] Ваквите карактеристики
...Брегалничкиот Басен. На
...што имале одбранбени ѕи-
...минантни места со стрмни
...се откриени следните
**Градиште**, село Будинарци
...ште, село Манастириште –
...чево, **Градиште**, село Ду-
...Делчево, **Кале**, село Балтец
...**Кале**, село Истибања
...**Градиште**, село Бели
**Градиште**, село Спанчево –
...село Крупиште – Штип,
...– Штип, **Градиште**, село
...Дол – Свети Николе и

..., кн. 8, Скопје, 1999, 184.



На зарамнето плато на низок рид кој се наоѓа на северната периферија на Берово е лоцирано утврдувањето Попов Рид. Тоа припаѓа на категоријата утврдени села. Одбранбените ѕидови му давале поголема сигурност и овозможувале поефикасно да се брани од непријателските напади.

Градиште претставувало кастрон (castron) од римско време (1 – 4 век), кој е сместен на 1 км западно од селото Будинарци.[15] За ова утврдување, врз основа на неговата местоположба и фортификација, може да се каже дека имало добри одбранбени карактеристики. Тоа се должи на високиот рид на кој се наоѓало ова утврдено место, потоа на фактот што трите страни на ридот биле тешко достапни поради нивната опкруженост со коритото на реката Брегалница, како и на поделбата на кастронот на три целини со напречни одбранбени ѕидови. Површината на ова утврдување изнесувала околу 2 хектара, а покрај одбранбените ѕидови, неговата фортификација била зајакната и со одбранбена кула (сл. 4).[16]



Слика 4

Утврдената населба (castrum) Цуцуло е распространета на еден висок рид на 2 км северно од селото Мачево. Населбата покрај во римско време (1 – 4 век), продолжила да егзистира и во доцната антика.

Градиште – Манастириште, каструм (castrum) од римско време (1 – 4 век), се наоѓа на околу 7 км од Пехчево. Неговите одбранбени ѕидови опкружувале површина од околу 3 хектари. Сместеноста на утврдувањето на висок рид му овозможувала поголема одбранбена способност.

Како стражарско утврдување (speculae) од римско време (1 – 4 век), Градиште 2 – Присој имал одбранбени ѕидови кои затворале површина од околу 0,5 хектари. Неговата локација е во атарот на село Драмче, на левиот брег од реката Брегалница, на едно зарамнето плато.

Во околината на селото Дулица, на 500 м западно од акумулацијата Каламанци, врз зарамнето плато на висок рид е сместено Градиште. Тоа било

[15] Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот*..., 97.

[16] Во досегашните податоци од истражувањата, како фортификациски елементи кај ова утврдување, покрај одбранбените ѕидови, е наведена само една кула.

раноантичко (5 – 3 век пр. н. е.) утврдено село (vici murati), чија местоположба му овозможувала добра одбрана и заштита.

На една височинка која се наоѓа на североисточниот крај на селото Тработивиште е лоцирано римското (1 – 4 век) утврдување (castelum) Градиште (сл. 5). Тоа продолжило да егзистира и во доцноантичко време.



Слика 5

Утврдувањето Кале, кое претставува стража (speculae) од римско време (1 – 4 век), е сместено на висок рид источно од селото Блатец. Одбранбените ѕидови на ова утврдено место се градени во техниката opus incertum без нагласени хоризонтални редови.[17] Како градежен материјал бил користен приделкан камен, кој бил врзуван со варов малтер. Градиште било стражарско утврдување (speculae) во архајско и во класично време (6 – 4 век пр. н. е.). За утврдувањето, податоци се дадени во делот за праисторијата.

Раноантичкото (5 – 3 век пр. н. е.) утврдено место (castelum) Кале се наоѓа на 2 км североисточно од селото Истибања. Сместено на зарамнето плато на еден карпест рид кој стрмно се издига над коритото на реката Брегалница, имало добра одбрана, односно тешко пристапниот терен го отежнувал непријателскиот напад. Одбранбените ѕидини биле со ширина до 1,40 м и биле градени во техниката opus incertum со камен и кал. Ова утврдување, исто така, продолжило да се користи и во доцната антика.[18]

Лоцирана на 1 км источно од селото Крушево, на мало ритче кое се издига над десниот брег на реката Железничка, е сместена античката стража (speculae) Дефово Градиште (4 – 2 век пр. н. е.). Одбранбените ѕидови на ова утврдување опкружувале површина од околу 1 хектар.

Утврденото место (castelum) Градиште се наоѓа на 2 км северно од селото Бели. Неговата местоположба е на зарамнето плато на еден висок рид, што му овозможувало добра одбрана и заштита. Утврдувањето покрај во класичниот и во македонскиот период (5 – 3 век пр. н. е.), егзистирало и во доцната антика.[19] Манастир претставува утврдување (vici murati) од архајско и од класично време

[17] Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот*..., 170.

[18] *Истото*, 181.

[19] *Истото*, 203.

(6 – 4 век пр. н. е.), но бил во функција и во доцноантичкиот период. Со локација на 2 км северно од селото Соколарци, имал добро бранета позиција бидејќи се наоѓал на зарамнет простор на висок рид, кој доминирал над околината.

Римскиот каструм Бандера (1 – 4 век) е сместен на рид што се издига на западната страна над селото Долни Козјак. Имал местоположба која покрај добрата одбрана и заштита, му овозможувала и прегледност на поширокта околина (сл. 6).



Слика 6

Темелите на одбранбениот ѕид биле широки 2 м и тој бил ѕидан во техниката opus incertum без нагласени хоризонтални редови.[20] За неговата изградба како материјал се користел речниот камен, кој се поврзувал со варов малтер.

Во околината на селото Крупиште, поточно на источната периферија на локалитетот Кале се наоѓа Цапар. Ова утврдување од класичниот период (5 – 4 век пр. н. е.) било сместено на рид на чиј врв се смета дека имало акропола со тераси, кои биле опфатени со високи одбранбени ѕидови.[21]

На зарамнето плато на висок рид кој се издига на левата страна од Судичка Река, во атарот на село Судиќ, е сместено раноантичкото (5 – 3 век пр. н. е.) утврдување (castelum) Кула. Поради повеќето стрмни страни на ридот, местото до утврдувањето било тешко пристапно, што му овозможувало добра одбрана во случај на напад. Неговите одбранбени ѕидови имале широчина од 1,5 м и заземале површина помала од 1 хектар.

Пилав Тепе, според досегашните истражувања, во неолитот егзистирал како населба, а во хеленистичко и во римско време (3 век пр. н. е – 4 век н. е.) како утврдување (speculae). Се наоѓа во околината на селото Шопур, поточно лево од асфалтниот пат Штип – Радовиш, помеѓу дваесет и првиот и дваесет и четвртиот километар.[22] Сместено е на рид со стрмни и тешко пристапни страни (сл. 7).

---

[20] *Археолошка карта на Р. Македонија,* Т. II…, 433; Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот*…, 265.

[21] Иван Микулчиќ, *Антички градови...*, 182–183.

[22] *Археолошка карта на Р. Македонија, Т. II...*, 445; Трајче Нацев, *Антиката во Брегалничкиот*…, 293.



Слика 7

Ваквата конфигурација на теренот овозможувала поефикасна одбрана и заштита на утврдувањето.

Утврдувањето Градиште е лоцирано на 1 км југоисточно од селото Дилисинци, на падините на ридот Богословец. Оваа римска стража (1 – 4 век) (speculae) била изградена на плато со површина од околу 1 хектар. Насекаде околу утврдувањето бил отежнат приодот поради стрмните страни кои го опкружувале платото. Ваквата природна одбрана заедно со фортификацијата му обезбедувале на Градиште добра заштита од напади.

Локацијата на утврдувањето Градиште – Славков Дол претходно е опишана во делот за утврдувањата од железното време (8 – 6 век пр. н. е.). Одбранбените ѕидови на ова утврдување се градени во техниката opus guadratum. Како материјал за нивна изградба се користени големи необработени камени блокови, кои се поврзувале со жолтеникава глина.

Градиште, село Мечкуевци, е споменато и во делот за железнодопските утврдувања (8 – 6 век пр. н. е.). Ова градиште покрај во железното, постоело и во хеленистичко и во римско време (3 век пр. н. е. – 4 век н. е.).

Праисторијата и раната антика претставуваат релативно долг временски период, посебно во делот на постоењето и развојот на утврдувањата во Брегалничкиот Басен. Но врз основа на она што е наведено во овој труд, може да се согледа нивната генеза во споменатиот временски период во оваа област. Од енеолитот, па сè до почетокот на доцната антика, во Брегалничкиот Басен се присутни утврдувањата. Од досегашните истражувања е утврдено дека во праисторијата нивниот број е различен во зависност од периодот кога се подигнати. Дали тоа се должи на моменталните научни откритија, така што, теоретски кажано, бројот на утврдувања би можел да биде поголем, или пак тогашните околности, потребата и способноста на населението наметнале тие да бидат онолку за колку што денес имаме податоци. Менувањето, односно преодот на временските периоди влијаел и врз начинот, квалитетот и видот на изградбата

на утврдувањата. Секако дека тоа, главно, било наметнато од военo-политичките и од економските влијанија и случувања не само во Брегалничкиот Басен туку и пошироко. Но и покрај разликите и сличностите кои се јавувале кај карактеристиките на утврдувањата од праисторијата и од раната антика, сепак тие имале една единствена цел – да овозможат одбрана и заштита на луѓето и на материјалните вредности кои се наоѓале во нив. Некои од утврдувањата во Брегалничкиот Басен, поради ефикасните одбранбени карактеристики, покрај во праисторијата, се користеле и во раната антика, но дел од нив и во доцната антика и во средниот век.